**Предмет: Соопштение за медиуми,**
**Датум: 21.01.2019**

## Препораки за подобрување на законската регулатива и стратегии генерални состојби и заклучоци

## Заклучоци и препораки за подобрување на здравствената заштита

Националниот ромски центар од Куманово продолжува со реализација на проектот „Спречување на дискриминација кон ромските деца" во партнерство со Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој "Паблик" - Скопје. Проектот финансиски е поддржан од Европска унија.

Целта на проектот е да се промовира социјалната интеграција на ромските деца во оптштеството преку ефективна заштита на нивните основни човекови права. Активностите се имплементираат во период од март 2017 до март 2019 година во Општините Куманово, Крива Паланка, Кичево, Кочани, Штип и Прилеп.

Националниот ромски центар во рамките на проектот „Спречување на дискриминација кон ромските деца" го подготви извештајот „Дискриминација на децата Роми, меѓународна и домашна регулатива, национални политики и институционална поставеност (анализа на случаеви од терен)" [1] . Национален ромски центар во извештајот нотира дека кога станува збор за **генерални состојби се појавуваат следниве појави:**

- Во јавноста се забележуваат се повеќе и повеќе реакции и претставки кон надлежните институции;
- Системот за жал сеуште има многу слабости, а добар дел од граѓаните не се ни свесни дека на одреден начин се директно или индиректно дискриминирани;
- Нивото на свест за препознавање и заштита од дискриминација е сеуште на ниско ниво, посебно кај жртвите припадници на ромската заедница, а исто така се истакнува и одредено ниво на недоверба кон институциите и органите надлежни за санкционирање на сторителите односно оние кои дискриминираат;
- На терен идентификувани се вкупно 104 случаеви за кои се отворени 71 премети. Овие случеви идентификувани се на територијата на општините Прилеп, Кичево, Кочани, Штип, Куманово и Крива Паланка;
- Вкупниот број на предмети кои се идентификувани на терен се распоредени во 7 области на делување:
    - Социјална заштита;
    - Добра и услуги;

[1] Во извештајот претставена е анализа на меѓународната регулатива иинструменти за заштита од дискриминација, анализа и на домашното законодавство, националните политики и документи на дел од државните институции, институционалната поставеност, механизмите за заштита од дискриминација, анализа на идентификувани случаеви на дискриминација кон ромските деца и заклучоци и препораки во повеќе области.


Ul.Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
Fax: +389 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

- Здравствена заштита;
- Матична евиденција;
- Домување;
- Образование;
- Управни работи при Министерството за внатрешни работи.

**Заклучоци за здравствената заштита**

- Ромите имаат понеповолна здравствена состојба во однос на мнозинското население. Здравјето кај оваа популација се карактеризира, пред сѐ, со повисока стапка на појава на хронични заболувања, како и пократок животен век за 10 години од останатото население;

- Постојат низа на бариери со кои се соочува ромското население во однос на пристапот до здравствените услуги;

- Скриена дискриминација во третманот на пациентите, неможност за плаќање на потребните здравствени услуги, оддалеченост на здравствените установи и недоволни знаења во однос на нивните здравствени права се дел од бариерите со кои се соочува ромското население;

- Овие пречки се директно поврзани со остварувањето на правото на здравствена заштита, меѓутоа уште повеќе претставуваат ризик-фактори за здравствената состојба на ромското население;

- Непостоењето на здравствена статистика сегрегирана по етничка припадност претставува дополнителен проблем за решавање на здравствените проблеми на ромското население;

- Патронажните сестри и ромските здравствени медијатори во недоволен обем вршат теренско откривање на невакцинирани деца Роми, како и едукација на родителите за значењето на вакцинацијата;

- Родителите Роми не добиваат здравствено едукативен материјал за детско здравје и вакцинација, иако речиси секоја година од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата се одвојуваат средства за изработка и печатење на овој вид на материјал.

**Препораки за подобрување на здравствената заштита**

- Да се преземат мерки за подобрување на здравствената состојба на ромското население преку отстранување на идентификуваните бариери (пристап дозадолжително здравствено осигурување, пристап до здравствени услуги, скриена дискриминација и друго);

- Мерки за едукација на ромското население за нивните здравствени права;


Ul.Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
Fax: +389 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

- Подигнување на свеста кај ромското население за редовни здравствени прегледи и контроли;

- Сензибилизација на медицинскиот персонал за работа со ромското население во поглед на обезбедувањето на здравствена заштита и здравствени услуги;

- Водење на здравствена статистика по етничка припадност; Поредовни посети на терен од страна на патронажните сестри и ромските здравствени медијатори за идентификување на невакцинирани деца Роми, како и едукација на родителите за значењето на вакцинацијата;

- Здравствено едукативен материјал за родителите Роми за превенција и заштита на детското здравје како што е предвидено во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.

извештајот е достапен на: http://www.nationalromacentrum.org/mk/wp-content/uploads/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88-%D0%90%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%97%D0%90-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BB%D1%83%D1%87%D0%B0%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD.pdf

Повеќе информации за проектот „Спречување на дискриминација кон ромските деца“.

Национален ромски Центар
ул. Доне Божинов 11/5, 1300 Куманово
Ирфан Мартез, Проектен менаџер
389 31 427 558, +39 70 543 326
martez@nationalromacentru.org
www.nationalromacentrum.org

Проектот „Спречување на дискриминација кон ромските деца“ е финансиран од страна на Европската Унија.
Извештајот е изготвен со помош на Европската Унија. Содржината на извештајот е единствена одговорност на Здружението на граѓани “Национален Ромски Центар”- Куманово (НРЦ) и партнерската организација Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој “Паблик” - Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.